**Емили Блант (Emily Blunt),**
**Џејмс Ерл Џонс (James Earl Jones),**
**Бил Волтон (Bill Walton),**
**Џон Стосел (John Stossel),**
**Кенион Мартин (Kenyon Martin),**
**Бајрон Питс (Byron Pitts),**
**Никол Кидман (Nicole Kidman),**
**Карли Симон (Carly Simon),**
**Мел Тилис (Mel Tillis),**
**Алан Рабиновиќ (Alan Rabinowitz),**
**Винстон Черчил (Winston Churchill),**
**Мерилин Монро (Marilyn Monroe),**
**Кен Вентури (Ken Venturi),**
**Софи Густафсон (Sophie Gustafson),**
**Боб Лав (Bob Love),**
**Џон Апдајк (John Updike),**
**Кралот Џорџ VI (King George VI),**
**Френк Волф (Frank Wolf),**
**Џо Бајден (Joe Biden),**
**Ени Глен (Annie Glenn),**
**Дарен Спилс (Darren Sproles) ...**
**Сите славни и успешни.**
**И сите со пелтечење.**

Имаат и нешто друго заедничко: како Емили Блант, тие не дозволиле пелтечењето да им биде пречка во животот. Ако сте и вие еден/една од 70 милиони луѓе во светот, кои пелтечат, не дозволувајте тоа да ви биде пречка.

**Недела на поттикнување на свеста за пелтечењето**

Во мај, 1988, Конгресот на САД ја донесе Заедничката Резолуција со која се одредува втората недела на мај како Национална недела на пелтечењето.

Националната недела на пелтечењето претставува национална посветеност:

- За едукација на луѓето за тоа комплексно нарушување;
- За работа на превенцијата на пелтечењете кај децата;
- За да им овозможи на луѓето да знаат каде да се обратат за помош;
- Да се промовираат истражувања за да се најдат причините за пелтечењето.

*Фондацијата за пелтечење (The Stuttering Foundation) работи за постигнување на овие цели од 1947 година!*
*Посетете ја нашата страна www.StutteringHelp.org или побарајте не телефонски на број 800-992-9392.*



Сенаторот Џон Глен и претседателката на Фондацијата за пелтечење Џејн Фрејзер на прес конференцијата кога се означува првата Национална недела на пелтечењето 1988 година.

THE STUTTERING FOUNDATION®

Translated by Nermin Telovska, M.Sc.
Speech-Language Pathologist
European Fluency Specialist
Skopje, +389 72208385
t.nermin@yahoo.com

# 9 Славни личности со пелтечење



Глумицата Емили Блант, на прослава на Националната недела на пелтечење



Актерот Џејмс Ерл Џонс, Бродвејската и телевизиска ѕвезда, е добро познат по неговиот глас како "Дарт Вудер" во Војна на ѕвездите и неговата книга, Гласови и Тишина.



Истражувач, конзерватор и зоолог Алан Рабиновиц неуморно работи на заштита на загрозените видови како што е опишано во неговите нови книги, Преку последното село и Животот во долината на смртта.



Кошаркарската ѕвезда Кенјон Мартин два пати бил член на кошаркарската репрезентација на САД и беше избран за ЕнБиЕј Ол Стар Тим 2004.



Филмската глумица Емели Блант, глумеше во Ѓаволот носи Прада и Биро за прилагодување. Таа освои Златен глобус за нејзината работа на телевизија БиБиСи во драмата ќерката на Гидион.



Потпретседателот Џозеф Бајден ја започна неговата долга политичка кариера кога беше за прв пат избран во американскиот Сенат во 1973 година на возраст од 30 години.



Боб Лав, легендарната ѕвезда од Чикаго Булс, е на чело на заедницата која работи за шампионскиот тим.



Бајрон Питс, шеф на ЕјБиСи Вести, Национален дописник и презентер, Добитник на Еми награда како новинар и автор на "Исчекор кон ништо".



Ѕвездата на Националната фудбалска лига- НФЛ, Дарен Спирос два пати беше именуван за Играч на годината од Канзас Сити Стар. Тој продолжува да ги изненадува навивачите на американскиот фудбал.



Пејачката Карли Симон, добитничка на Оскар и Греми, покрај многуте хитови кои ги има, таа е и автор на детски книги.



Американскиот идол Лазаро Арбос, кој од својата шеста година има тешко пелтечење,е заслужен за ширење на зборот пелтечење преку неговите настапи на пеење пред нова публика.



Софи Густафсон е член на ЛПГА – Женската Професионална Голф Асоцијација и на Европскиот турнир на жени. Таа има пет победи во ЛПГА и 21 меѓународна победа во нејзината кариера.



Легендарниот играч на голф,Кен Вентури, беше исклучителен коментатор 1964 УС Опен шампионат, за ЦБС Спорт во тек на 35 години.



Ѕвездата на кантри музика и уметник Мел Тилис, ја забавуваше публиката низ целата земја и низ светот.



Џон Стосел, дописник на вести и поранешен 20/20 копрезентер, сеуште се бори со пелтечењето, но и да стане еден од најуспешните новинари во емитуваното новинарство денес.



Конгресменот Френк Волф од Вирџинија, чувствува дека пелтечењето е предизвикот кој му помогнал да се подготви за сите други предизвици во животот.



Кралот Џорџ VI беше инспирација во неговата земја кога ѝ се обрати на империјата на радио емисијата во текот на Втората светска војна. Оскаровскиот филм, Говорот на кралот, ја прикажува неговата храброст.



Мерилин Монро која ја плени филмската публика и другите изведувачи во текот на нејзината легендарна кариера.



Бил Волтон е познат и почитуван спортски коментатор на НБА, Ол Стар и  Хол на славните.

*Според ова, ако имате пелтечење, во одлично друштво сте!*